До
Влада на Република Северна Македонија

Предмет: ***Барање***

Почитувани,

Во “Сл. весник на РСМ“ број 137/2020 е објавена “**Уредба** со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, **млади лица** и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба“. Во член 2 став 3 од таа Уредба е наведено дека:

„Млади лица“ се државјани на Република Северна Македонија со наполнети 16 години и не постари од 29 години на 22.5.2020 година, кои се активни учесници во формалното средно образование (средни училишта основани од Република Северна Македонија, локалната самоуправа и градот Скопје) **и високото додипломско образование на Република Северна Македонија (редовни студенти на универзитети основани од Република Северна Македонија),** согласно со евиденцијата на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: „млади лица - корисници на финансиска поддршка“).

Согласно наведената Уредба, финансиска поддршка можат да имаат САМО редовните студенти на ДРЖАВНИТЕ (ЈАВНИТЕ) високообразовни универзитети во земјата. Тоа значи дека приватните високообразовни установи (универзитети, високи школи и институти) се исклучуваат од можностите кои се нудат за финансиска поддршка на нивните студенти, со што во нерамноправна положба се ставаат не само приватните високообразовни установи, туку и сите студенти кои студираат на тие установи. На тој начин, се крши неприкосновеното **уставно** право на студентите да ги имаат истите можности за добивање финансиска помош од државниот буџет во услови на вирусна пандемија и загрозена егзистенција на нивните семејства поради економските последици од здравствената криза, еднакво како и студентите од јавните универзитети.

Имено, согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија: „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.“

Понатаму, согласно член 51 став 1 од Уставот на РСМ, законите и сите други прописи мораат да бидат во согласност со Уставот.

Согласно член 3 од Законот за високото образование, пак, дејноста на високообразовните установи е од јавен интерес. Во член 6 став 1 од тој закон е наведено дека државјаните на РСМ под еднакви услови имаат право на образование на високообразовните установи во РСМ. Најпосле, согласно член 149 од тој закон, статусот на студент, а со тоа и член на

академската заедница се стекнува со запишување на прв, втор и/или трет циклус на студии на униврзитет, односно на самостојна високообразовна установа.

Според тоа, ниту Уставот на РСМ ниту законот за високото образование во РСМ не прават разлика во статусот на студент запишан на државен или приватен универзитет и во нивните права  кои се стекнуваат согласно Уставот  и законите кои важат во РСМ.

Имајќи го сето тоа предвид, со споменатата Уредба се врши директна дискриминација на приватните високообразовни и научни установи и на нивните студенти, односно не им се дава еднакво право како на студентите од државните универзитети. Со тоа на студентите од приватните универзитети и на другите приватни високообразовни установи повредено им е правото на еднаквост кое е загарантирано со наведениот член 9 од Уставот на РСМ и Законот за високото образование.

Поради тоа, Конференцијата на приватни високообазовни установи (КПВУ), во која членуваат седум приватни универзитети и три самостојни високи стручни школи, бара во најкус можен рок да се исправи оваа неправда и со измена и дополнување на спомнатата Уредба да бидат опфатени студентите на сите високообразовни установи во РСМ (како државни-јавни, така и приватни), односно СИТЕ студенти од РСМ кои студираат на државните и приватните универзитети и други високообразовни установи.

Покрај тоа, ве известуваме дека, на својата седница одржана на 9.06.2020 година,, КПВУ донесе заклучок да се поднесе Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од споменатата Уредба пред Уставниот суд на РСМ.

Во очекување ваш позитивен пристап кон ова наше барање, срдечно ве поздравуваме.

Конференција на приватни високобразовни установи<br>
П р е т с е д а т е л<br>
проф. д-р Томе Неновски<br>
Ректор на Универзитет Американ колеџ Скопје

Копија доставена до:
- Претседател на РСМ
- Министерство за образование и наука на РСМ
- Министерство за финансии на РСМ
- Средства за јавно информирање во РСМ